КАРПОШ неделен Е - БИЛТЕН

ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 26 фев - 3 март 2025 Билтен бр. 587

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 21 ГОДИШНИНАТА ОД ЗАГИНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ БОРИС ТРАЈКОВСКИ

Тричлена делегација од Општина Карпош предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, Секретарот на локалната самоуправа, Весна Стефанова и претставникот од општинската администрација, Крсте Петковски, денеска положија свежо цвеќе пред вечното почивалиште на поранешниот македонски Претседател, Борис Трајковски, кој на денешен ден трагично го загуби својот живот при падот на владиниот авион во близина на Мостар (БиХ). Покрај членовите на делегацијата од Карпош, почит на Претседателот Трајковски му оддадоа неговите најблиски роднини, претставници на владините институции, на дипломатските претставништва и амбасади во Македонија, како и други личности од политичката сфера и граѓанскиот сектор.

Инаку, од немилата случка поминаа повеќе од две децении, кога владиниот „Кингер“ со кој Претседателот Трајковски патуваше на Меѓународна конференција за инвестирање во Босна и Херцеговина, на 26 февруари 2004 година се урна во атарот на Матиќ Брдо кај селото Хусковиќи во близина на Мостар. Авионот требаше да слета на мостарскиот аеродром во осум часот по локално време, а по кобниот настан остатоците беа пронајдени 24 часа по паѓањето на авионот. Во несреќата, покрај Трајковски животот го загубија Димка Илкова-Бошковиќ, Ристо Блажевски и Анита Кришан Лозановска од кабинетот на Претседателот, Миле Крстевски од Министерството за надворешни работи, Борис Велинов и Аце Божиновски, членови на обезбедувањето, како и пилотите Марко Марковски и Бранко Ивановски.

ЗАПОЧНА ПРОЛЕТНАТА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО КАРПОШ

Во тек е редовната пролетна дератизација на околу 5.000 шахти на своја територија. Како дел од рутинските активности за одржување на јавната хигиена, со процесот на дезинфекција, дезинсекција и дератизација беа опфатени сите основни училишта и детски градинки.

Локалната самоуправа ја презема оваа активност секоја година на пролет и есен, како превенција од штетните глодари и инсекти, во насока на одржување на здравата животна средина.

ПРОДОЛЖУВА АКЦИЈАТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СТАРИ ОТПАДНИ (ХАВАРИСАНИ) ВОЗИЛА

Во текот на денешниот ден продолжи акцијата за подигање на стари отпадни (хаварисани) возила согласно Закон за управување со дополнителни текови на отпад, во соработка со Колективниот постапувач со кој Општина Карпош има склучено договор за соработка.

Подигњето се изврши на територија на УЗ Тафталиџе 1 и УЗ Карпош 4. По многу поплаки на граѓаните кои живеат на територија на УЗ Тафталиџе 1 за отпадно возило – бело комбе кое се наоѓаше на ул. Париска бр. 13 и истото со години беше полно со отпад и шут, денеска е отстрането од сообраќајницата од наша страна.

Повторно АПЕЛИРАМЕ до сите граѓани кои поседуваат таков тип на возило и на кое веќе е залепена налепница и е спроведена инспекциска постапка од страна на инспекциските служби, да ги отстранат своите возила, во спротивно истите ќе бидат остранети на нивен трошок. Возилата ќе бидат транспортирани во собирен центар – депо, каде што ќе бидат оставени 7 дена а потоа ќе бидат однесени на рециклирање.

Акцијата продолжува до конечно подигање на сите отпадни возила на територија на Општина Карпош.

ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА РЕТКИТЕ БОЛЕСТИ ВО ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“!

По повод 28 февруари, Меѓународниот ден на ретките болети во нашето училиште преку разни активности и работилници учениците со своето активно учество го одбележаа овој значаен ден и дадоа своја поддршка за лицата кои имаат ретки болести. Учениците од 5а, 5б, 5в, 3а, 3б, 3в, 3г, 1а и 1в одделение инспирирани од слоганите „Реткоста инспирира“ и „Остави траг“ изработија прекрасни хамери и испратија најискрени желби до сите свои другарчиња и луѓе кои имаат ретка болест и им посакаа да бидат силни, храби и единствени.

При изработката на овие активности и работилници земаа учество учениците заедно со нивните оддленски наставници, стручната служба и образовните асистенти.
На взаемно задоволство на сите изработките беа истакнати во холот на училиштето.

“РЕТКИТЕ СЕ МЕЃУ НАС – НИЕ СМЕ МЕЃУ РЕТКИТЕ”

По повод месецот на ретки болести учениците од ООУ”Братство”, 2-2, 3-1 и 3-2 учествуваа во работилница организирана од одделенски наставник Лилјана Цветковска под мотото “Ретките се меѓу нас – ние сме меѓу ретките” и научија дека и помеѓу нас има и деца со ретки болести.

ЗАПОЧНА МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРНИР ВО ЗАБРЗАН ШАХ „КАРПОШ РАПИД 2025“

Повлекувајќи го првиот потег на шаховската табла наспроти бугарскиот Велемајстор Кирил Георгиев, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, официјално го означи почетокот на јубилејниот десетти турнир во забрзан шах „КАРПОШ РАПИД 2025“, кој се одржува викендов во хотелот „Александар Палас“. Традиционалниот турнир го организира шаховскиот клуб ГАМБИТ АССЕКО СЕЕ под покровителство на Општина Карпош, која го поддржа турнирот со финансиски средства во висина од 150.000 денари.

Силите на шаховската табла ги одмеруваат околу 150 шахисти од регионов и пошироко, каде главен судија е Интернационалниот арбитер Зоран Стојчевски. Турнирот е рејтингуван и се игра согласно ФИДЕ правилата за забрзан шах во девет кола по швајцарски систем, со еден час пауза по петтото коло.

Во оваа пригода градоначалникот Јакимовски ги поздрави сите љубители на оваа древна стратешка игра, при што им посака добра концентрација и пријатен престој во општина Карпош.

Топло ве поздравувам од името на Карпош, особено нашите гости од Бугарија, Црна Гора, Србија, Косово, Германија и секако нашите сограѓани од Македонија. Од позиција на четврти мандат на кормилото на локалната самоуправа, јас се сеќавам кога првпат го направивме овој турнир, заедно со дваесеттина шаховски ентузијасти во урбаната заедница Карпош 1. Потоа го организиравме турнирот во просториите на „Реплек“во Нерези, па во свечената сала на „Гранит“, за да денеска дојдеме во оваа голема сала во хотелот „Александар Палас“ – посочи Јакимовски.

БЕСПЛАТЕН ЕХО ПРЕГЛЕД НА ДОЈКИ ЗА ДЕВОЈКИ ОД 20 ДО 30 ГОДИНИ

Во насока на подигнување на свеста кај младата популација за важноста на превентивните прегледи и грижата за здравјето на жените, Општина Карпош во соработка со ПЗУ „Св. Алексеј“ овозможува бесплатен медицински преглед на дојки, за девојки на возраст од 20 до 30 години кои се жителки на оваа скопска општина. Во тој поглед, заинтересираните карпошанки можат да добијат повеќе информации и да го закажат бесплатниот преглед започнувајќи од понеделник (03.03.2024) година, на телефонскиот број 071 243 400.

Инаку, приватната здравствена установа за гинекологија и акушерство „Св. Алексеј“ каде ќе се вршат бесплатните прегледи, функционира во рамки на ЈЗУ Поликлиника Букурешт. Општината која воедно е и правата локална самоуправа која презема ваква иницијатива, издвои од својот Буџет финансиски средства во висина од 200.000 денари. Станува збор за акција која се реализира како дел од Програмата на Општина Карпош за еднакви можности меѓу жените и мажите за 2025 година, како проектна активност за превенција и поддршка на женското здравје.

Во рамки на денешната манифестација, пред бистата на револуционерниот деец се поклонија и бројни граѓани, членови на Сојузот на борците, претставници на политички партии, здруженија на пензионери и почитувачи на ликот и делото на Кузман Јосифовски – Питу. Токму на денешен ден во 1944 година Кузман Јосифоски загинува во престрелка со бугарски војник, при обид да го напушти Скопје. Поради својата неуморна народно – ослободителна дејност, многумина го нарекуваат „вториот Гоце Делчев“ на НОБ. Оттука, на 2. август 1945 година, Кузман Јосифоски – Питу е прогласен за Народен херој на Југославија, при што спаѓа меѓу првите борци од Македонија кои го добиле тоа високо одликување (заедно со Стив Наумов, Орце Николов, Страшо Пинџур, Мирче Ацев и Христијан Тодоровски – Карпош).



БОСАНСКИОТ ВЕЛЕМАЈСТОР ДЕНИС КАДРИЌ ПОБЕДНИК НА ШАХОВСКИОТ ТУРНИР „КАРПОШ РАПИД 2025“

Со освоени осум поени, босанскиот Велемајстор Денис Кадриќ е победникот на овогодинешниот меѓународен турнир во забрзан шах „Карпош Рапид 2025“, кој се одигра викендов во свечената сала на хотелот „Александар Палас“. Второто и третото место со освоени 7½ поени им припадна на македонските Интернационални мајстори Ристески Емил и Лазов Тони, додека пак четвртата позиција со 7 поени ја обезбеди Интернационалниот мајстор Ндерим Сарачи. Со идентичен број на поени (7), на петтата позиција се пласираше Фиде мајсторот Андреј Велјаноски, на шестата Кандидат мајсторот Мухамет Аслани, а на седмата шахистот Љубомир Данов.

Од осмата до десеттата позиција со освоени 6½ поени се пласираа Интернационалниот мајстор Никола Николовски, и Велемајсторите Петар Г. Арнаудов и Горан М. Тодоровиќ.

Специјални награди освоија и петорица шахисти во различни категории. Имено, во категоријата најдобар женски играч со освоени 6 поени се пласираше женскиот Велемајстор, Белослава Крастева, со исто толку поени Благоја Миновски беше најуспешен во категоријата Најмлад играч под 18 години. Со освоени 6½ поени, Интернационалниот мајстор Бедри Садику беше најдобар во категоријата Ветерани над 65 годишна возраст, а Атанасов Ацо со освоени 6 поени заслужено ја зема наградата во категоријата Најдобар играч без титула под 2100 рејтинг поени. Шахистот Арлинд Јонузи со освоени 5½ поени беше најдобар во категоријата Најдобар играч без титула под 1900 рејтинг поени .